ИГРА НА ДУШАТА

Хавиер Кастиљо

Овој роман е посветен
на сите прегратки
што ги оставивме по патот.
На бакнежите што исчезнаа.
На приказните што ги загубивме.
Ова е мојот мал придонес во борбата
против стравовите што ни ги донесе годината
во која копнеевме
по слободата.

А кој сум јас да му судам
на ѓаволот во кој веруваш,
кога и јас
верувам во него?

Белешка

Секој читател кој е запознаен со областите Квинс, Рокавеј, Бруклин, Стетен Ајленд и долен Менхетен ќе забележи дека се обидов да ги задржам описите на овие места што е можно поверни на реалноста, со ограничувањата што ги наметнува прекумерната употреба на описи врз ритамот и развојот на настаните. Исто така, морам да признаам дека си зедов одредена слобода да модифицирам некои предели, пристапни зони и земјените патишта од чисто драмски или естетски причини. Медиумите што се споменуваат се измислени, освен оние кои се споредни и неважни за заплетот, и секоја сличност на приказната со реални лица, живи или мртви, отворени или затворени случаи и особени ситуации во рамките на приказната или поврзани со неа, е резултат на едноставната и сеприсутна случајност.

Поглавје 1

Рано утро

26 април, 2011 година

Мирен Тригс

Не плаши се,
кога-тогаш, сè завршува.

„Помош!“ викам допирајќи си го стомакот, со тенка линија крв што ми извира помеѓу ребрата. „Издржи, Мирен!“ си велам себеси меѓу заби, очајна. „Издржи, по ѓаволите.“

Мисли брзо. Мисли. Повикај некого. Побарај помош, Мирен, пред да биде предоцна.

Ги чувствувам отчукувањата на срцето како ја исфрлаат мојата сопствена крв, како да е повраќаница на мојата душа која е зашеметена од свијоците на ова последно патување. Беше грешка. Ова е крајот.

Не

требаше

да

продолжам.

Нема никој на улицата освен чекорите што ги следат моите. Неговата сенка издолжена од светлината на уличните светилки постојано расте и исчезнуваа: голема, ситна, огромна, непостоечка, гигантска, етерична. Ја губам од вид. Каде беше?!

„Помош!“ повторно викам кон пустата и темна улица, која ме гледа помеѓу сенките, соучесник на мојата смрт.

Мораш да ја кажеш вистината, Мирен. Дојде, дојде. Дојде! Мора да стигнеш.

Ми го нема телефонот, иако, и да го имав, која било помош би пристигнала предоцна. Никој не би можел да ме спаси пред тој да ме убие. Кого и да повикам барајќи помош, ќе го најде само телото на триесет и петгодишна новинарка, со душа замрзната во студената ноќ кога ме силуваа кога имав дваесет и една година.

Светлината на уличните светилки секогаш ја оживува во мене онаа болка од 1997 година, оние очајни липања во паркот додека завивав потчинета од мажите што свирепо ме понижуваа смеејќи се. Можеби сè требаше да заврши така, под испрекинатата светлина на другите црни улични светилки, на другиот крај на Њујорк.

Тешко трчам. Секој чекор е како остра игла што ми го пробива реброто. Долгиот и темен пат по кој се влечам води само кон Рокавеј Бич, долга и широка плажа удирана од ветрот и погодувана од гладната алчност на океанот, наспроти паркот Џејкоб Рис. Нема никој во овие часови. Сè уште не осамнало и намалената месечина тажно ги осветлува трагите од стапалки во песокот. Погледнувам наназад и сфаќам дека исто така ги осветлува и интензивно црните тенки линии од крвта што ја оставам зад себе со секој чекор. Барем инспекторот Милер ќе може да го реконструира моето последно движење. Тоа е мислата на некој кој ќе биде убиен: што ќе остане за да се идентификува убиецот? Остатоци од ДНК под ноктите, крв на жртвата во автомобилот. Штом ме убие, ќе ме однесе на некое друго место и ќе исчезнам од светот засекогаш. Ќе останат само моите статии, мојата приказна, моите стравови.

Стигнувам до крајот на патот, вртам налево и, со агилност што ми ги раскинува мускулните влакна повредени од раната, се нурнувам во празнината на една од бетонските конструкции на стариот Форт Тилден, напуштена воена инсталација. Она што некогаш беа воени објекти, сега се само негостољубиви рушевини пред морето, покрај плажа во форма на јазик што изгледа како да го штити Квинс од алчноста на Атлантикот. Исто како и Форт Тилден, и јас, која пред неколку дена бев неуморна новинарка од *Менхетен ѿрес*, сега сум сведена на исплашено девојче што

вреска на звукот на неговите чекори. Во тоа се претворив. Во нова верзија на моите стари стравови. Во валкана крпа со која светот ги брише своите тајни и срам. Во жена што умира од рацете на еден изопачен човек.

Никој не побара помош од мене. И морав да дојдам сама. Никој не ме замоли да истражувам за тоа, но еден дел од мене врескаше дека морам да ја најдам Џина. Не знам како не забележав. Претпоставувам дека морав повторно да се чувствувам... мртва.

Полароидот. Сè започна со него. Тој полароид од Џина... Како можев да бидам толку... наивна?

Гледам на двете страни барајќи излез и се обидувам да молчам помеѓу задишаните воздишки што експлодираат од моите гради. Ги слушам неговите чекори измешани со виорот. Ги чувствувам зрната песок како се удираат во мојата кожа, како залутани куршуми во битка меѓу ветерот и плажата.

„Мирен!“ бесно вика тој. „Мирен! Излези!“

Ако ме најде, тоа е крајот. Ако останам овде, ќе искрвавам до смрт. Го чувствувам сонот. Милувањето на ноќта. Играта на душата во моето срце. Она за кое зборуваат кога почнуваш да губиш премногу крв. Ја покривам раната и ме боли како да ме жигосуваат со вжарено железо со зборовите: „ничија сопственост“.

Ги затворам очите и ги стегам забите, обидувајќи се да ја издржам болката во ребрата и една идеја за која мислев дека е безнадежна, повторно се појавува.

Бегај.

Го кревам погледот од моето скривалиште барајќи други можности и ја забележувам оградата кон паркот Рис. Ако можам да ја прескокнам, би можела да трчам во правец на куќите на Рокавуд за да побарам помош, но горната бодликава жица што оградува многу области на Форт Тилден изгледа како да може да ме расцепи и да ми ги искине цревата ако се обидам да се искачам.

Го чувствувам близу.

Не е неговата топлина таа што ја чувствувам, туку неговото студенило. Неговото ледено тело, неподвижно, на

неколку чекори од мене, веројатно гледајќи со презир во тажното скривалиште во кое се засолнувам. Божји син кој си ги оближува усните пред жртвеното јагне.

„Мирен!“ повторно вика уште поблиску одошто очекував.

И правам уште една грешка.

Токму во моментот кога го завива моето име со неговиот скршен глас, станувам и за последен пат трчам обидувајќи се да се фатам за животот, иако сè ќе заврши: крвавам, сама сум и се чувствувам сè послаба.

Со секој чекор во мојот ум се враќа сликата на Џина, нејзиното возбудено лице, нејзината болна приказна. Ја чувствувам толку блиску што речиси можам да ја подадам раката и да го погалам нејзиното петнаесетгодишно лице, радосно гледајќи во камерата на фотографијата што ја користеа по нејзиното исчезнување. Зошто не претпоставив?

Одеднаш нешто се менува. За неколку секунди сфаќам дека престанал да ме следи. *Се враќам во живот, ќе се спасам од ова. Ќе ја раскажам приказната на Џина. Морам да го направам тоа. Ќе успееш, Мирен.*

Безбедна си.

Во далечината го забележувам ноќниот хоризонт, облакодерите на градот. Кога сум близу до нив, секогаш се чувствувам како џуџе, но оддалеку изгледаат како столбови од кварц што светат со некоја древна светлина.

Неговата сенка повторно се појавува. Силите ме изневеруваат. Едвај можам да одам. Улицата е пуста, полната месечина внимателна: *Мртва си, Мирен*, како да вели. *Отсекогаш си била.*

Секој чекор што го правам ме кине однатре; секој крик исчезнува во апсолутна рамнодушност. Само далечното рикање на океанот се провлекува одвреме-навреме меѓу моите слаби чекори, преплавувајќи ги моите воздишки во темнината.

„Мирен, не трчај!“ вреска тој.

Се тетеравам по плажата со тешкотија, песокот ми ги голта стапалата. Прескокнувам една мала, распадната

дрвена ограда што служи за задржување на песокот и, за среќа, стигнувам до асфалтирана улица полна со затемнети куќи што го поврзуваа центарот на Непонсит со плажата.

Тропам на вратата од првата куќа, обидувајќи се да викнам за помош, но толку сум уморна што едвај испуштам воздишка. Тропам повторно, речиси без сила, но се чини дека нема никој внатре. Погледнувам назад, очајна, плашејќи се дека тој повторно ќе се појави, но никаде го нема. Ме проголтува рикањето на морето. Еден бран ги составува парчињата од мојата душа. Дали сум безбедна?

Се движам до следната куќа, со заоблени столбови на тремот, со кована ограда и, штом удирам на вратата со чукалото и прстите, внатре се пали светло.

Моето спасение.

„Помош!“ викам со обновена сила. „Повикајте ја полицијата! Ме следи...“

Една рака ја повлекува внатрешната завеса што го покрива прозорецот на вратата. Една постара жена со бела коса ме гледа со загрижен израз. Каде сум ја видела претходно?

„Помогнете ми, госпоѓо! Ве молам!“

Ме гледа, свивајќи ги веѓите и ми упатува слаба насмевка што не ме утешува.

„Господе Боже, што ти се случило, ќерко?“ вели додека ја отвора вратата и ја покажува белата ноќница што ја носи. „Таа рана не изгледа добро, мила“, додава со топол глас. „Треба да повикам брза помош.“

Погледнувам во мојот стомак. Црвена дамка се шири на мојата маица од ребрата до колкот. Рацете ми се извалкани со крв, која завршила дури и на чукалото на вратата. *Можеби Џим ќе открие дека стигнав дотука, иако подобро би било да не го стори тоа. Така ќе биде безбеден. Така, барем, еден од нас двајцата ќе остане жив.*

„Не се... не се чувствувам добро“, велам меѓу сè послаби воздишки.

Голтам плунка што ми има вкус на крв пред да се обидам да зборувам повторно, но слушам чекори зад мене и сè забрзува. Немам време да се свртам.

Во истиот момент кога старицата го подига погледот над мојата глава, забележувам сенка до рамката на вратата, го чувствувам студот на неговата рака што ми ја покрива устата и, наеднаш, силата на неговата рака го опкружува моето тело.

Тоа е крајот.

Ја чувствувам смртта во црните очи на старицата, во празнината на моите гради, во мојот последен здив со неговата рака што ми ја покрива устата и, без да сакам...

...се сеќавам на сè.

Поглавје 2

Форт Тилден
23 април, 2011 година
Пред три дена
Бен Милер

Бегај сестро,
пред да стигнат чудовиштата
што ни ги ветија.

Инспекторот Бенџамин Милер го паркира својот автомобил, сив понтијак со њујоршки регистарски таблички, среде земјен пат во внатрешноста на рамнината со живи огради, капини и дива вегетација на Форт Тилден, точно наспроти три полициски возила со вклучени светла.

Веќе се имаше стемнето кога го повикаа на телефон. Токму кога се подготвуваше да стави во уста парче печено пиле што Лиса, неговата сопруга, го зготви за вечера. Таа доби загрижен израз кога го виде Бен со телефонот до увото и го слушна удирањето на виљушката на чинијата. Кога го виде неговото сериозно лице, нејзината загриженост се претвори во тивко жалење, зашто знаеше што се случува по вакви повици.

„Мислите дека е Алисон?“ праша тогаш инспекторот Милер на слушалката, за по кратка пауза да додаде: „Разбирам. Каде? Форт Тилден? Тргнувам веднаш.“

„Мора да одиш сега?“ го праша Лиса кога го виде како станува, иако таа веќе го знаеше одговорот.

Ја вознемируваше тоа што работата на Бен секогаш беше присутна, што беше константа во неговиот живот и

во неговото расположение, но толку години се капеа во безнадежноста на исчезнувањата, што таа седна на масата и само голтна вода од чашата додека чекаше, не одговор, туку некоја информација за причината.

„Изгледа сериозно, Лиса“, одговори тој. „Се сеќаваш на Алисон Ернандез?“

„Единаесетгодишното девојче од Њу Џерси?“

„Не... таа од Квинс. Петнаесет. Темна, долга коса.“

„А... да. Тоа беше минатата недела, нели? Ја пронајдоа?“

„Мислат дека да.“

„Мртва?“ праша Лиса, со тон полн со тага.

Бен не одговори. Само молчеше и ги зеде своите работи пред да се поздрави додека го земаше сивото палто од закачалката. Во мал процент од случаите неговата работа завршуваше вака: со повик од тинејџери или од пар планинари, кои забележуваа труп во коритото на реката Хадсон, како плови по денови лутање или, како што се случи неодамна, расчеречен во внатрешноста на куфер. Во случаи како вториот, членовите од одделот за форензика имаа задача да го состават не само редоследот на настаните, туку и телото.

„Утре е...“ рече Лиса, со предупредувачки тон.

„Знам. Ќе бидам тука рано наутро“, одговори тој тажно.

Возеше долг пат од Грајмс Хил, на Стетен Ајленд, каде што живееше во дрвена куќа обоена во бело, со сини капаци на прозорците и блескава градина, но запуштена ограда. За да стигне до Форт Тилден, го помина мостот Веразано-Нероуз кон Бруклин, неизбежно запирајќи на секое црвено светло, додека размислуваше за родителите на Алисон и како да им ја соопшти веста. Потоа го заобиколи Бруклин по крајбрежјето, додека не стигна до мостот на авенијата Марин, најбрзиот пристап до полуостровот Рокавеј. Токму кога го преминуваше мостот, сфати дека конвојот возила што патуваше со него исчезнал и дека

навлегува во зона која, без сомнение, е далеку од врвулицата и стресот на градот. Отворените простори на полуостровот и ненаселените згради беа целосен контраст на угнетувачкото чувство околу Менхетен. Од моментот кога го премина мостот, почувствува дека Рокавеј има поинаков ритам од сè на што беше навикнат. Штом пристигна на пустата рамнина, забележа неколку знаци што водеа кон Форт Тилден. Наскоро сврте десно и, на половина пат од булеварот Рокавеј, забележа двајца полицајци пред нивното полициско возило, на влезот на земјен пат што водеше кон паркот Рис.

„Јас сум инспекторот Милер, од Единицата за исчезнати лица“, рече, отворајќи го прозорецот. Мирисаше на море. Се чувствуваше влажниот солен ветер во воздухот. „Ме повикаа за девојката што ја пронајдоа тука, во Форт Тилден. Можеби е од еден од случаите што ги водам.“

Полицајците се погледнаа со загрижен израз.

„Каде го пронајдоа телото?“ инсистираше. „Знаете... обично не доаѓам во оваа област. Дали некој од вас ќе ми го покаже патот?“

Понискиот од двајцата собра храброст да проговори: „Продолжи право, покрај оградата. Ги чекаме форензичарите. Ужасно е. Никогаш не сум видел нешто такво.“

Инспекторот Милер тргна по патот, додека во далечината ги забележуваше трепкавите светла на полициските автомобили што чуваа напуштена бетонска структура меѓу дивата вегетација што го имаше освоено паркот. Додека возеше внимателно по неасфалтираниот пат за да не ги оштети долните делови на понтијакот, си ги повтори во својот ум зборовите на полицаецот: *Никогаш не сум видел нешто такво.*

Еден полицаец завршуваше со поставувањето на полициската лента, врзувајќи ја за ретровизорот на една од патролите чии фарови го осветлуваа руинираниот објект полн со графити пред кој беа паркирани. Полицајка со коса собрана на темето разговараше со две момчиња на

околу четиринаесетгодишна возраст, чии БМХ велосипеди беа фрлени на земја до едно од полициските возила.

Пред да излезе од возилото, инспекторот Милер посегна кон совозачкото седиште и зграби папка на чија насловна страница со црвено беше напишано „Алисон Ернандез“. Ја отвори и остана неколку моменти гледајќи ја фотографијата од првата страница: девојка со темнокостенлива, речиси црна коса, и остар нос, со радост гледаше во камерата. Не сакаше да прочита ништо повеќе од таа прва страница. Ја знаеше нејзината приказна напамет, дури и облеката што ја носеше кога исчезна: црни фармерки и бела маица со логото на Пепси. Повторно ја остави папката во понтијакот и ја покажа својата идентификација на полицаецот што го обезбедуваше периметарот речиси без да каже ништо.

„Каде...?“ праша Милер.

„Таму внатре. Внимавајте со ‘рѓосаното железо на вратата.“

„Дали тие ја пронајдоа?“ додаде, покажувајќи кон двете момчиња.

Полицаецот кимна со главата, речиси без да зборува.

„Дали сте ги известиле нејзините родители?“

„Доаѓаат. Ќе мора да нè придружат до полициската станица.“

„Дали ќе ми го покажете патот до...?“

„Претпочитам да не ја гледам повторно, господине, ако не ви пречи. Имам ќерка на нејзина возраст и...“

Инспекторот Милер забележа дека рацете на полицаецот треперат. Беше човек на околу четириесет години кој изгледаше како да има поминато доста време во служба на улица гледајќи сè, а сепак изгледаше премногу погоден за неговото искуство. Град со девет милиони жители е многу креативен кога станува збор за претставување на своите мртовци, затоа, кога се почнуваше со работа во полициската сила, агентите брзо стануваа имуни на гротескните места на злосторства.

„Во ред. Каде?“

„Таму внатре. Таму се Скот и Карлос. Втората соба лево.“

„Дали може да ми ја дадете батериската ламба?“ побара Милер, подавајќи ја раката.

Полицаецот ја извади од својот ремен и пред да има време да му ја предаде, латино полицаец со совршена фризура, темен и висок околу метро и седумдесет, се појави од темнината на вратата.

„Агент Милер?!“ извика тој, а неговиот глас се мешаше со звукот на брановите што удираа во далечината. Брегот на океанот беше на околу двесте метри, но звукот пловеше по ветерот, како да е песна од соништата. „Прилично сме сигурни дека е Алисон. Ги чекаме форензичарите за да ѝ ги земат отпечатоците и ДНК за да потврдат.“

„Може ли да ја видам?“ беше првото што го рече Милер.

„Дали сте религиозен?“ праша агентот Карлос, со загрижен израз.

„Од кога е тоа важно?“

„Денес е, инспекторе. Бог нема да биде задоволен со она што му го направиле на ова девојче.“

„Дали Вие сте религиозен?“

„Секако, инспекторе. Бог ѝ дал сила на мојата мајка да ја премине пустината и границата кога била бремена со мене, и исто така да ме претвори во она што сум сега. Бог беше великодушен со мене. Кога ќе се вратам дома, ќе ја бакнам мојата жена и ќе се молам на Бога за прошка.“

Инспекторот Милер забележа дека Карлос изгледаше погоден и дека почна да оди кон влезната врата на напуштената бетонска структура и го покани да го следи. Беше некаков вид на хангар, речиси во рушевини, со некои отвори каде порано можеби постоеле прозорци и од кои останале само рамките, чија ‘рѓа блескаше црвеникаво од ефектот на фаровите на патролните возила. Карлос одеше неколку чекори пред Милер и навлезе во темнината

во исто време кога ја запали својата батериска ламба и го откри внатрешниот дел полн со графити, урнатини и распаднати душеци од кои останале само федерите.

„Внимавајте каде газите," рече Карлос, додека одеше низ ходникот.

„Зошто претходно рековте дека ќе му побарате прошка на Бога?" праша Милер додека го следеше.

Карлос застана за момент, се сврте кон него и сериозно одговори: „Затоа што не се прекрстив пред крстот."

* * *

Таа фраза остана да одекнува неколку секунди во неговата глава, токму во моментот кога Карлос сврте лево и исчезна зад отворот каде што порано веројатно имало врата, покрај за'рѓана количка за пазарење фрлена на земјата. Милер не го испушти од вид за да не се изгуби и, на негово изненадување, кога влезе во следната просторија, се најде во многу поголем простор отколку што изгледаше однадвор, со таван на двојна височина. Светлината од месечината се пробиваше низ отворите на скршените прозорци во горниот дел од ѕидовите. Додека зракот од батериската ламба на Карлос ја пробиваше темнината, Милер заклучи дека местото најверојатно беше огромно. Одеднаш, забележа дека имаше уште една светлина што се движеше во заднината и осветлуваше еден од аглите.

Подалечната батериска ламба се сврте кон Милер, накратко заслепувајќи го.

„Еј Скот, ова е Милер, од Единицата за исчезнати", рече Карлос. Скот веќе се наоѓаше во центарот на салата, чекајќи го инспекторот и го осветлуваше подот меѓу нив за Милер да не се сопне од десетиците валкани столици, совршено подредени во редови од по дванаесет, сите свртени кон задниот ѕид.

„Што... е... сето ова?" праша Милер, збунет.

„Нешто како... црква," одговори Карлос, очигледно вознемирен. „А таа..." додаде со скршен глас додека ја подигаше батериската ламба кон импозантниот црвен крст

што се издигаше на ѕидот и кој инспекторот не успеал да го види во темнината „...таа ја игра улогата на Бог.“

Инспекторот почувствува како му попуштаат нозете, како да пропаѓа во некаква празнина и неговиот стомак се згрчи; како земјата да се отвори и го проголта во бездна, темна колку и стравовите од неговото детство. Јазол му се формира во градите и му се искачи до грлото додека го гледаше безживотното тело на Алисон заковано на обоеното црвено дрво. Со стапалата потпрени едно врз друго и рацете испружени над краевите на горната греда, се наоѓаше телото на младо девојче со темна коса, со голо торзо и половина покриена со крваво парче бела ткаенина. Никогаш немаше видено нешто слично.

Милер тешко подголтна и со затворени очи го замислуваше насмеаното лице што Алисон го имаше на фотографијата која тукушто ја гледаше во автомобилот, пред да влезе таму. Половина од лицето ѝ беше обоено во црно, така што ѝ ги покриваше очите, како да е превез што ѝ даваше на Алисон изглед како да не сака да погледне. Под крстот, подот беше натопен со крв што истекла од рана на ребрата. Главата ѝ беше навалена настрана, како да заспала во вечен сон.

„Кој го направил ова?!“ извика во неверување.

Поглавје 3

Њујорк
23 април, 2011 година
Пред три дена
Мирен Тригс

Кога ја вложуваш својата душа,
без разлика дали победуваш или губиш,
никогаш не остануваш исти.

Мојата уредничка не можеше да им поверува на своите очи: ете ме мене, нејзината авторка-ѕвезда, како истрчувам од книжарницата, барајќи го оној што го оставил пликот со чудната фотографија. Претпоставувам дека не беше навикната нејзините автори да излегуваат сред потпишување на книги. Да бидам искрена, и јас бев изненадена од себеси. Додека да сфатам што правам, веќе бев задишана и преплашено ги скенирав чадорите на улицата, барајќи околу мене пар заканувачки очи. Станав непредвидлива дури и за самата себе.

Тоа беше последната промоција за којашто имав потпишано договор со издавачката куќа, откако се согласив да објавам книга за мојата дванаесетгодишна потрага по Кира Темплтон, тригодишно девојче кое исчезна во 1998 година, на парадата за Денот на благодарноста. Првпат ја раскажав нејзината приказна во статија за најважниот весник во земјата, *Менхетен прес*, каде што работев.

Не планирав да напишам книга за Кира - ниту додека ја барав, ниту потоа. Но не можев да ја одбијам понудата од издавачот. Еден ракопис, дванаесет презентации во книжарници, еден милион долари. Побарав слободно